ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопјеи Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – Косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37” со водоводна мрежа

Скопје, август 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија.“ бр. 5/02и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија бр. 79/09“и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), Советот на Град Скопје на _____седницата одржана на _____2026 година донесе

О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Одлукатаза воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – Косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37’’ со водоводна мрежа

Член 1

Во Одлукатаза воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – Косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37’’ со водоводна мрежа(„Службен гласник на Град Скопје“ бр. 7/26), во член 2 став 2 по бројот „2026“ се додаваат зборовите „и 2027“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____
_____ 2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија.“ бр. 5/02и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија број 79/09“и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), согласно коиСоветот на ГрадотСкопје е надлежен за донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка,која се воспоставува заради заедничко вршење работи од надлежност на општинитеи остварување на заеднички интереси и цели, поради што општините здружуваат финансиски, материјални и други средства.

Со оглед на тоа што реализацијата на активностите опфатени со меѓуопштинската соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари се планира да продолжи и во текот на 2027 година, се предлага изменување и дополнување на Одлуката, со цел да се опфати целокупниот период на предвидената реализација и да се обезбеди усогласеност со планираните финансиски средства во Буџетот на Град Скопје за 2027 година.

Со предложената измена и дополна се врши прецизирање на периодот за реализација, односно покрај 2026 година се додава и 2027 година, со што се овозможува реализација на предвидените активности во согласност со утврдената динамика и расположливите буџетски средства.

Врз основа на горе наведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување и дополнување на Одлукатаза воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопјеи Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – Косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37’’ со водоводна мрежа.